


# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**29 март - 9 април 2024 Билтен бр. 559**

# КАРПОШ ПОСТАВУВА ЛЕД ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ЦЕЛА ТЕРИТОРИЈА

**Почитувани,**
**Во тек е менувањето на постоечкото улично осветлување со лед светилки и имплементација на систем за автоматско управување со истите, на територија на цела општина Карпош.**
**До сега поставени се над 2.000 лед светилки во населбите Влае 1, Влае 2, Карпош 3, Карпош 4, Тафталиџе 1, Тафталиџе 2 и Владо Тасевски. Согласно планот за работа, изведувачот на проектот до крајот на јуни треба да заврши со монтирање на уште толку лед светла во останатите урбани заедници во општината, со што со ново улично осветлување ќе биде покриена целата територија на општина Карпош.**



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НЕРЕЗИ

**Општина Карпош презеде иницијатива за целосна реконструкција и проширување на фудбалското игралиште кое се наоѓа на улица „Козле 8“, во реонот на населбата Нерези. Станува збор за спортски терен кој зафаќа површина од 540 м2, во чии рамки е поставена подлога од вештачка трева. За да се постигне поголема функционалност и безбедност бидејќи се наоѓа непосредно до улица, игралиштето е заштитено со жичена ограда и истото ќе биде осветлено со штедливи ЛЕД – светилки.**



# ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“ ЌЕ ЈА РАЗВИВА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ

**Минатата година, наставници од ООУ „Петар Поп Арсов“ и просветните работници од четири основни училишта од Македонија, беа дел од заедничкиот тим којшто учествуваше на кампот за медиумска писменост „Справување со дезинформации преку образование“ TechCamp Охрид 2023. Како резултат на тоа искуство, наставничкиот тим по добиениот грант ја започна реализацијата на проектот „Развивање и тестирање наставна програма за медиумска писменост“ кој го имплементира Центарот за иновации и дигитална едукација заедно со Амбасадата на САД во Македонија и тимот на TechCamp на Стејт Департментот од Вашингтон. Оттука, носители на овој проект се основните училишта „Петар Поп Арсов“ од општина Карпош, „Блаже Конески“ од Прилеп, „Христијан Тодоровски Карпош“ од с. Ранковце (Крива Паланка), „Димитар Миладинов“ од општина Центар, и „Марко Цепенков“ од општина Зелениково.**

**По тој повод денеска, основците од ООУ „Петар Поп Арсов“ во придружба со своите две наставнички – менторки во проектот, беа во посета кај стручните служби од Општина Карпош. Целта на оваа информативна средба беше, учениците непосредно да се запознаат со начинот на којшто функционира локалната самоуправа од аспект на медиумите, како и начинот на кој Општината комуницира со јавноста и ги информира своите сограѓани.**

**Инаку, Програмата за медиумска писменост во основното образование е дизајнирана да ги надгради вештините на учениците за критичко размислување и анализа на медиумските содржини, со цел да се создадат информирани и одговорни дигитални граѓани. Освен што се фокусира на разбирањето на медиумската пристрасност и техниките на убедување, програмата исто така**



## ШЕСТ ДЕЦЕНИИ ОД ОСНОВАЊЕТО НА ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“

**На специфичен начин преку организирана еднонеделна работна агенда исполнета со културно – уметнички и спортски активности, учениците и образовно-техничкиот кадар од ООУ „Јан Амос Коменски“, го одбележаа 60 годишниот јубилеј од основањето на оваа училишна установа.**

**Имено, во понеделникот, основците од „Коменски“ во рамки на своето училиште одржаа литературно-креативна работилница, на која присуствуваа и уредничките на детските списанија „Росица“ и „Другарче“, Сузана Томовска и Ксенија Маказлиева Трајчева. На средбата се читаа детските литературни творби кои ги креираа учесниците на литературниот конкурс, по што беа доделени и награди за најуспешните млади поети. Потоа се одржа и интерактивна книжевна работилница на која учениците стекнаа драгоцени искуства и практични совети, пренесени од писателите за деца, Наум Попески, Вера Андон, Ксенија Маказлиева Трајчева и Ненад Георгиевски.**

**Наредниот ден до доцна попладне беше отворен саемот на книгата под мотото „Прочитај добра книга“. Во него учествуваа десетина издавачки куќи присутни со сопствени штандови, на кои беа изложени голем број на литературни изданија. Оваа манифестацијата со своето присуство ја збогатија писателите Марија Костадиновска и Васил Мукаетов, а за добрата забава со својот перформанс се погрижи жонглерот Дарко Ѓурчиновски од Entertainment production.**

**Во средата, акцентот беше насочен кон уметноста и модата, при што во рамки на училишниот двор се одржа работилница каде основците изработуваа сликарски и вајарски дела. Притоа, учениците креирајќи ги своите творби добиваа стручни насоки од сликарот Михаил Корубин, како и од професорот Беди Ибрахим, од Факултетот за ликовна уметност. Веднаш потоа се одржа и модна ревија предводена од членовите на модното студио „Црнокрак“, на која продефилираа учениците од „Коменски“, претставувајќи се со прекрасните креации во категориите на висока мода, еколошки материјали и слободен избор.**

**Следниот ден беа реализирани спортските активности под наслов „Спортот е моето здравје“, каде во училишниот двор и во спортската сала се одржаа штафетни игри. По тој повод се одиграа и неколку натпревари во одбојка, кошарка и фудбал.**




## КОМИСИИТЕ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЛИФТОВИ И ПОКРИВИ ЌЕ ПРОДОЛЖАТ СО РАБОТА ВЕДНАШ ПО ИЗБОРИТЕ

**Општина Карпош ги информира граѓаните кои аплицирале на јавните повици за субвенционирање за набавка на нови лифтови, за поправка на постоечки лифтови, за санација на кровни покривачи на зградите, како и за замена на азбестни покриви на куќите, дека Комисијата за доделување на субвенции за оваа намена, нема да одржува редовни комисии додека трае изборната кампања.**

**Согласно Законот за спречување на корупција на РСМ, Комисијата од Општина Карпош во периодот од 4. април 2024 до 8. мај 2024 година (додека трае кампањата за претстојните претседателски и парламентарни избори), нема да биде во можност да одржува редовни комисии за субвенционирање.**

**Но во овој случај, граѓаните кои се заинтересирани за гореспоменатите јавни повици, (и додека трае процесот на избори) ќе можат непречено да ги доставуваат своите апликации за добивање на субвенции, во архивата на Општина Карпош. Секако, по завршување на изборниот процес, Комисијата ќе продолжи со работа според Јавниот повик.**

## КОМИСИЈАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИИ ЗА ПОСЕТУВАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ВОЗАЧКИ ИСПИТ ЌЕ ПРОДОЛЖИ СО РАБОТА ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Општина Карпош ги информира граѓаните кои аплицирале или ќе аплицираат на Јавниот повик за „Субвенционирање на млади лица за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија", дека Комисијата за доделување на субвенции за оваа намена, нема да одржува комисии додека трае изборната кампања, поточно од 04.04.2024 до 08.05.2024 година, согласно Законот за спречување на корупција на РСМ.**

**Граѓаните кои се заинтересирани за аплицирање, ќе можат непречено да ја доставуваат целокупната документација во архивата на Општина Карпош. По завршување на изборниот процес Комисијата ќе продолжи со работа и разгледување на предметите.**

## „КОМЕНСКИ" И „ ТАСЕВСКИ" ВО КОШАРКАРСКОТО ФИНАЛЕ ЗА ОВАА ГОДИНА

**Одиграни се полуфиналните кошаркарски натпревари меѓу основните училишта во Општина Карпош. Најубедлив на теренот беше екипата на „Јан Амос Коменски" која во дуелот со основците од „Војдан Черднодрински" успеа да триумфира со сигурни 56-31 поен. Втората екипа која се пласираше во финалето беше кошаркарскиот тим од ООУ „Владо Тасевски" кој ги надигра своите противници, основците на „Петар Поп Арсов" со конечен резултат 44-33.**



# РЕКОНСТРУИРАНИ ТРИ КАРАЦИ ОД УЛИЦАТА „СКУПИ“ИНСТИТУЦИИ

**НА 9 АПРИЛ се одвиваше завршната фаза од градежните активности при што беа реконструирани трите краци од улицата „Скупи“ која се наоѓа во населеното место Злокуќани. Станува збор за асфалтирање на коловоз со вкупна должина од 153 метри, а зафатот го изведе фирмата „Инфес Груп“. За оваа намена, Општина Карпош од својот буџет обезбеди финансиски средства во висина од 976.400 денари.**



# ОСНОВЦИТЕ ОД „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ СЕ НОВИТЕ ШАМПИОНИ ВО КОШАРКАИНСТИТУЦИИ

**Во драматична завршница од финалето, кога буквално до последната секунда од натпреварот беше неизвесно кој ќе биде овогодинешниот победник на училишната кошаркарска лига на Карпош, тимот на ООУ „Владо Тасевски“ ја совлада екипата на ООУ „Јан Амос Коменски“ со еден кош разлика, со што го постави конечниот резултат од 50:49 во своја полза.**

**Финалниот меч помина во одлична атмосфера со изедначени сили на теренот, за што говори и статистиката по завршените четвртини. Имено, сè до последната четвртина, водството беше во рацете на младите кошаркари од „Коменски“. Првата четвртина, тимот од Тафталиџе ја доби со 14:13, додека пак на полувремето резултатот беше нерешен (25:25). Третата четвртина заврши со предност од три поени во корист на тимот на „Коменски“, така што кошаркарите го одржуваа водството до третата минута пред крајот на финалето. Меѓутоа во последните три минути, екипата од „Владо Тасевски“ со поголема концентрација и со одличен пресинг под обрачите, го совлада својот ривал и на крајот сосема заслужено го подигна победничкиот пехар.**

**Претходно, се одигра малото финале во кој кошаркарите од ООУ „Петар Поп Арсов“ го освоија третото место, совладувајќи ги своите соперници од ООУ „Војдан Чернодрински“ со 10 поени разлика (39:29).**

